## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12 и 43/14), член 49 од Статутот на Народната банка на Република Македонија Ст.бр.02-15/IV-1/2011 од 21.04.2011 година и О.бр.02-15/III-4/2012 од 29.03.2012 година и точки 5,6,9,10 и 11 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата О.бр.02-15/III-16/2011 од 31.03.2011 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Одбор за оценување**

1. Се формира Одбор за оценување во следниов состав:

| | | |
|---|---|---|
| 1) д-р Александар Стојков | член на Советот на Народната банка на Република Македонија | Претседател |
| 2) д-р Анета Крстевска | главен економист во Раководството на Народната банка на Република Македонија | Член |
| 3) м-р Ана Митреска | директор на Дирекцијата за монетарна политика и истражување во Народната банка на Република Македонија | Член |

2. Одборот за оценување од точка 1 на ова решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови од областа на макроекономијата по објавениот конкурс за годишна награда на Народната банка на Република Македонија за 2015 година и ќе достави предлог за најдобар труд со образложение до гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Одборот за оценување од точка 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави и предлог за доделување награда за второрангиран труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е исто така со квалитет близок до прворангираниот.

Доколку Одборот за оценување од точка 1 на ова решение смета дека ниеден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог за оваа година да не се доделува награда.

3.Ова решение влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Бр._____**
**____ март 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**Димитар Богов**